# НАСЛИКАНИ ЗБОРОВИ

Катерина Деспот | Касиопеја Наумоска



# НАСЛИКАНИ ЗБОРОВИ



Катерина Деспот | Касиопеја Наумоска

# Биографија

## Касиопеја Наумоска

1968 - Родена е во Скопје –Македонија, 2016- Магистер по Студии на културата, Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје,1993 - Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на професор Рубенс Корубин. самостојни изложби; 2021 - Прилеп, 2018 – МКЦ – Скопје 2020 – Ликовен Перформанс - Поградец во Албанија 2018 – Ликовен Перформанс - Фиер во Албанија 2016 – МКЦ Скопје 2015- Прилеп, 2015- Штип 2014- Софија КИЦ Бугарија, 2013 – Велес 2013 - Бостон 2013 - Изложба и перформанс - Прима центар Берлин 2013 –Ликовен Перформанс - Карпошово лето Скопје 2013 ‘’Добредојдовте Македонија центар’’ -Скопје2013 - Културен центар во Неготино 2012- Ликовен Перформанс - Фиер во Албанија 2012- Ликовен Перформанс - стара чаршија - Либрарија 2012 КИЦ -Скопје 2011 - BEZPALA - ГАЛЕРИЈА - Торонто - Кафе Галерија 8 -Скопје - Ликовен Перформанс -Скопје- ‘’Види музика слушни слика добиј книга’’ 2010 - BEZPALA - ГАЛЕРИЈА - Торонто - Културен Центар во Кавадарци 2009 - АНТИКО галерија - Скопје 2008 - Аполонија ХОТЕЛ -Гевгелија 2007 - Музеј на Град Скопје - Францускиот културен центар , Скопје 2006 - мал формат - Стотина Минијатури, “Ден и ноќ “ ресторан -Скопје 2005 - Културен Центар Радовиш - Центар за култура “Јане Сандански” - Струмица - Завод и Музеј Галерија - Битола - Друштвото на ликовни уметници на Македонија - Скопје 2003 - Центар за култура - ПрилепКултурно-информативниот центар - Скопје 2001 - Центар за култура - Прилеп, 1999 - Културен Центар - Куманово, 1998 - Културно-информативниот центар - Скопје,1995 - Културно-информативниот центар - Скопје,- Културен Центар - Куманово, - Културен Центар - Битола 1994, - Центар за култура – Прилеп -Центар за култура - Кавадарци



# Biography

## Kasiopeja Naumoska

Kasiopeia Naumoska Biography 1968 - She was born in Skopje - Macedonia 2016- Master in Cultural Studies, Institute for Social and Human Sciences - Skopje 1993 - Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in the class of Professor Rubens Korubin. solo exhibitions; 2023 – KINOTEKA NA RSM 2021 - Prilep 2018 - MKC - Skopje 2020 – Art Performance - Pogradec in Albania 2018 – Art Performance - Fair in Albania 2016 – MKC Skopje 2015- Prilep 2015-Stip 2014- Sofia KIC Bulgaria 2013 – Velec 2013 - Boston 2013 - Exhibition and performance - Prima Center Berlin 2013 - Art Performance - Karposovo leto Skopje 2013 “Welcome to Macedonia Center” - Skopje 2013 - Cultural center in Negotino 2012- Art Performance - Fair in Albania 2012- Art Performance - old bazaar - Library 2012 KIC - Skopje 2011 - BEZPALA - GALLERY - Toronto - Cafe Gallery 8 - Skopje - Art Performance - Skopje- “See music, hear a picture, get a book” 2010 - BEZPALA - GALLERY - Toronto - Cultural Center in Kavadarci 2009 - ANTIKO gallery - Skopje 2008 - Apolonia HOTEL - Gevgelija 2007 - Museum of the City of Skopje - The French Cultural Center, Skopje 2006 - small format - Hundred Miniatures, “Day and Night” restaurant - Skopje 2005 - Cultural Center Radovish - “Jane Sandanski” Culture Center - Strumica - Institute and Museum Gallery - Bitola - Society of Fine Artists of Macedonia - Skopje 2003 - Culture Center - Prilep - The cultural and informational center - Skopje 2001 - Culture Center - Prilep 1999 - Cultural Center - Kumanovo 1998 - Cultural and informational center - Skopje 1995 - Cultural and informational center - Skopje - Cultural Center - Kumanovo - Cultural Center - Bitola 1994 - Culture Center – Prilep - Center for culture - Kavadarci Had one hundred international group exhibitions, including USA, Canada, Bulgaria, Turkey, Greece, Yugoslavia, Poland. AWARDS- 2015 – Ostenov artist of

# Биографија

## Катерина Деспот

Проф. д-р Катерина Деспот е родена 1977 г. во град Прилеп, Р. Македонија. Завршува специјалност Индустриски дизајн (2001), на Национална ликовна академија – Софија, Р. Бугарија, Факултет за Применета уметност. Своето образование го продолжува во истата институција, каде во 2005 година се стекнува со титулата доктор на науки – PhD. 2018 година, пост-докторски студии (специјализација) на тема "Влијанието на парковата уметност врз развојот на модерната паркова композиција". Од 2009 година до моментов вработена како професор на Универзитет Гоце Делчев – Штип, доцент и раководител на катедра (2009) на факултет за природни и технички науки – катедра Архитектура и дизајн, редовен професор и декан (2015- 2022) на Ликовната академија, днес редовен професор на катедра Дизајн на ентериер и мебел, Факултет за природни и технички науки при Университет Гоце Делчев во Тип. Разработени независно и публикувни седем книги -"Историја на пејзажната архитектура" (2013), "Индустриски дизајн" (2014), "Теорија на композиција во пејзажната архитектура". (2013). Ентериер и екстериер (2019), Дизајн на мебел (2019), Композиција во дизајн (2022). Индустриски дизајн(2023)Простор и авангарден дизајн(2024). Учествува на неколку групни и самостојни изложби: Самостојни изложба (2010), Галерија Безистен Штип техника Акрил "Урбан пејсаж", (2011), Дом на култура Марко Цепенков Прилеп техника Пастел "Иста линија", (2017) ја представува и својата стручно уметничка изложба Деспот Катерина и Васка Сандева "Пејзажни размислувања", Музеј на град Скопје. (2018) Деспот Катерина и Васка Сандева Пејзажни концепти, Ликовна галерија на град Штип.(2018) Деспот Катерина и Васка Сандева Не-дефиниран урбанизам, Ликовна галерија на град Прилеп. (2019) Деспот Катерина и Васка Сандева Концепти за урбани пејзажи, КИЦ – Софија, Р. Бугарија. (2019) Деспот Катерина и Васка Сандева Не-дефинирани пространства, ЈУ Народни Универзитет –Врање, Р. Србија. (2019) Деспот Катерина и Васка Сандева Еко црвена линија, Хотел Арт, Љубљана, Р. Словенија (2020) Деспот Катерина и Васка Сандева Човек и пејзажни принципи Дом на култура '"Браќа Миладиновци " Струга (2021) Деспот Катерина Изохипси од Африка, ЈУ Народни Универзитет –Врање, Р. Србија.(2022) Катерина Деспот и Александар Џинго Човек и простор Концертно изложбен салон, Факултет за уметности Универзитет Ниш.



# Biography

## Katerina Despot

Prof. Dr. Katerina Despot was born in 1977 in the city of Prilep, Republic of Macedonia. She finished specialty Indus - trial Design (2001), degree National Academy of Fine Arts - Sofia, R.Bulgaria, Faculty of Applied Arts. She continued her education in the same schoolinstitution, where in 2005 she obtained the title of Doctor of Science - PhD.In 2018, post-doctoral studies (specialization) on the topic “The in - fluence of the park art on the development of modern park composition”.From 2009 until now employed as a professor at Goce Delchev University - Shtip,associate professor and head of department (2009) of the Faculty of Natural and Technical Sciences – department Architecture and design, full professor and dean (2015-2022) of the Academy of Fine Arts. Independently developed and published five books:“His - tory of landscape architecture” (2013), “Industrial design” (2014), “Theory of composition in landscape architecture”. (2013). Interior and Exterior (2019), Furniture Design(2019), Composition in Design (2022). Industrial Design(2023). Participates in several group and solo exhibitions: Solo exhi - bition (2010), Gallery Bezisten Stip Technique Acrylic “Urban Landscape”,(2011), House of Culture Marko Cepenkov Prilep technique Pastel“Same Line”, (2017) also presents his pro - fessional art exhibition DespotKaterina and Vaska Sandeva “Landscape Reflections”, Museum of the City of Skopje. (2018) Despot Katerina and Vaska Sandeva Landscape Con - cepts, Art gallery of the city of Shtip. (2018) Despot Katerina and Vaska Sandeva Undefined urbanism,Art gallery of the city of Prilep. (2019) Despot Katerina and Vaska Sandeva Concepts for urban landscapes,KIC – Sofia, R. Bulgaria.(2019) Despot Katerina and Vaska Sandeva Undefined spaces, JU National University - Vranje, R. Serbia.(2019) Despot Kater - ina and Vaska Sandeva Eco red line, HotelArt, Ljubljana, R. Slovenia (2020) Despot Katerina and Vaska Sandeva Man and landscape principles House of culture “Brothers Miladi - novci” Struga (2021) Despot Katerina Isohypsis from Africa, NationalUniversity - Vranje, R. Serbia. (2022) Katerina Despot and Aleksandar Jingo - Man and spaceConcert Exhibition Hall, Faculty of Arts, University of Nish

**На почетокот беше, Зборот...**

Светол.
Јасен.
Моќен.
Како најдлабока промисла и како водилка низ животот.
А, низ животите и зборови едноставни, но промислени и милни, но и прости и необмислени, оловно тешки, како куршуми! Низ животите во рој од зборови- во реки, во езера и во морињa од зборови разни!
Но и зборови радосни, во кои радоста ни со крик не се опишува!
И зборови таговни, кои притискаат и печат, како грутка која не се проголтува!

Еден ингениозен книжевен ум, точно на овие зборови, необично радосни или исклучително тажни и неискажливи, им одредил име и ги нарекол-Неименливото!
Еден огромен простор од пејзажите на нашите души ги исполнуваат токму тие зборови, од корпусот наречен-Неименливото!
....................................................
Две наши ликовни уметници, во еден животен и уметнички период кој во Стара Атина се нарекувал АКМЕ, Касиопеја Наумоска и Катерина Деспот, пливаат низ навидум различни уметнички траектории-и тоа го прават исклучително умешно и успешно! Освен врвноста во уметничкиот израз, нив секако ги спојува и високиот степен на образованост и врвна едуцираност. И двете образуваат и воспитуваат млади генерации- тие и професионално се владетелки на зборот!
....................................................
„Насликаните зборови“ на Касиопеја и Катерина, тоа се тие неискажливи, нераскажливи и некажани зборови од пејзажите на нашите души, од корпусот на она што го нарекуваме Неименливо! Насликаните зборови се и радоста што не се крикнува со збор, но и грутката од болка и тага, што ниту се голтнува, ниту со збор се изустува! Музичарот нив ги преточува во ноти и музика, книжевникот во стих или писмо, ликовниот уметник во слика или скулптура.
...............................................................................................
Само навидум така различни, Касиопеја Наумоска и Катерина Деспот, наши врвни уметници и интелектуалки, преку заедничката уметничка концепција, наречена „Насликани зборови“, се препознаваат меѓусебно и лесно го препознаваат патот до публиката, преку ликовниот израз со кој го дешифрираат своето Неименливо. Нивното Неименливо!
Нашето Неименливо, кое и сега, преку оваа изложба, непогрешливо спојува и нѐ пресоздава, повторно во Збор!

**д-р Васко Шутурков**
**Мај 2025**

[redacted]

















[redacted]

[redacted]

# НАСЛИКАНИ ЗБОРОВИ
2025

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit